# СООПШТЕНИЕ

Драги браќа и сестри,

Во наредниот период во Република Хрватска ќе се одржи попис на населението во кое ќе бидеме сите ние вклучени. Од 13.09.2021. до 26.09.2021. година, пописот ќе се одвива преку интернет а теренското попишување ќе биде од 27.09.2021. до 17.10.2021 година.

Разгледувајќи го пописниот прашалник, забележавме дека прашања поврзани со верска припадност под редни броеви **19 и 20** може да предизвикаат нејаснотија, на овој начин сакаме да ве информираме.

Колку што е важно на прашањето за нашата национална припадност и мајчин јазик да се изјасниме како Македонци и македонски јазик исто толку е важна нашата верска припадност.

**19. Вера – потребно е да се изјасниме – Православни**

**20. Верска заедница – потребно е да се изјасниме – Македонска Православна Црква**

**Таа опција постои во методологијата за попишување, а попишувачите се обврзани таквата определба да ја заведат при пописот. Таквото точно изјаснување е јасна и недвосмислена идентитетска определба на сите кои и припаѓаат на Македонската православна црква. Истовремено ваквото изјаснување на македонците кои живеат во Република Хрватска привремено или стално, е и остварување на основните верски слободи и права во Република Хрватска.**

**Објаснување:** не е доволно само да се оговори како Православна црква бидејќи постојат и други православни цркви во Р. Хрватска.

Од самата формулација на прашањата се гледа дека пописот не се занимава со теолошки теми туку со практичниот живот на граѓаните. Од исклучително големо значење е за сите нас , нашите деца и внуци, младите и сите наши пријатели и подржувачи кои можеби не се сеуште крстени или не ја практикуваат верата од разни причини, но потекнуваат од македонскиот род, замолуваме да се изјаснат не како во предлогот “ Не сум член на ниту една вера или верска заедница„ туку како Православни и припадници на Македонската православна црква.

**Напомена: Сето ова е само препорака и искрена желба да помогнеме на сите, но секој од Вас самостојно одлучува каде припаѓа и како ке одговори.**

Од канцеларијата на Македонската православна црква во Хрватска